**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и втората седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 20.02.2020 година**

На четириесет и втората седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков Градоначалник на општината, Лилјана Кичукова вработена во општината, Тони Николов вработен во општината, Мирјана Гелебешева вработена во општината, Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија, Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија, Ѓорги Милков директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија, Марија Бучкова директор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија, Михаил Ангелков командир на ПС Гевгелија, Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница Гевгелија , Д-р Сашко Олумчев епидемиолог и Станка Карајанова вработена во општината.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесет и втората седница на Совет на Општина Гевгелија.

Записникот од четириесет и првата седница одржана на 29.01.2020 година ќе се разгледува на наредната седница.

За работа на четириесет и втората седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за разрешување на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија,

2. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија,

3.Предлог-Решение за разрешување на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија,

4.Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија,

5. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2020 година,

6. Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година,

7.Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проект за Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица,

8.Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проектот за Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија-Смрдлива вода,

9.Предлог-Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија,

10.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија за 2019 година,

11.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година,

12.Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година,

13.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија за 2019 година,

14.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година,

15.Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година,

16.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2019 година,

17.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година,

18.Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година,

19.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2019 година,

20.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година,

21.Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година,

22.Предлог-Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2020 година,

23.Предлог-Решение за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2020 година,

24.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2020 година на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија,

25.Предлог-Извештај за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2019 година,

26.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија,

27.Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,

28.Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,

29.Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

30.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Серменин (КП бр.1555/1 КО Серменин) (барател: Петар Николов од с.Мрзенци),

31.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (КП бр.862/5 и 837 КО Ново Конско), (барател: Илија Јованов од Гевгелија),

32.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.609/3 КО Конско), (барател: Ненад Андонов од Гевгелија),

33.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална-урбанистичко-планска документација за с.Моин (КП бр.573 КО Моин), (барател: Александар Попов од Гевгелија),

34.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Владо Стојанов од с.Кованец),

35.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Костадин Стојанов од с.Кованец),

36.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за м.в. Круша (КП бр.18 КО Конско), (барател: Костадин Линков од Гевгелија),

37.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Локална Урбанистичко планска документација (ЛУПД)

за КП бр.862/5 и КП бр.837 КО Ново Конско (барател: Јован Јованов од Гевгелија),

38.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.2050 КО Гевгелија (барател: "ПАЈДАКОВ" ДОО Гевгелија).

Претседателот на Совет точката под реден број 38 " Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.2050 КО Гевгелија (барател: "ПАЈДАКОВ" ДОО Гевгелија)" ја повлече од дневен ред за понатамошна доработка.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Зоран Лазаровски член на Совет – "**Ние како советничка група од ВМРО-ДПМНЕ бараме точката под реден број 9 " Предлог-Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија" да биде симната од дневен ред бидејќи на јавната презентација која беше неодамна оддржана беше ветено од општината дека ќе биде поставена истата на општинската веб страна но освен една анкета нема ништо друго ставено на увид на граѓаните и сметаме дека на некој начин граѓаните се оштетени и не се доволно запознаени со придобивките од овој проект .Ние не сме против овој проект но сметаме дека треба да му дадеме уште малку време да и граѓаните направат увид во сето она што ние го имаме како материјали и сметаме дека може да се почека уште некој одреден период за да се сумираат и тие размислувања на граѓанитре."

**Магдалена Делковска член на Совет** сметам дека причините не се издржани во образложението на советникот за да точка 9 биде симната од дневен ред и сметам дека оваа точка треба да оди на разгледување .

**Тодор Ристов Претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Зоран Лазаровски и **Советот со 6 гласа за, 10 против, 2 воздржани и 1 не гласал не го усвои.**

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 12 гласа за, 6 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Решение за разрешување на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Караманова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за " го усвои и од член се разрешува Петар Јанчев.**

**Точка 2. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Караманова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за избор на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за " го усвои и за член се именува Александра Кочева.**

**Точка 3. Предлог-Решение за разрешување на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Караманова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за " го усвои и од член се разрешува Петар Јанчев.**

**Точка 4**. **Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Караманова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за " го усвои и за член се именува Александра Кочева.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници вработени во о.Гевгелија за 2020 година

Во претресот по точката учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 6. Предлог-Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година

Во претресот по точката учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 13 гласа за и 6 против ја усвои .**

**Точка 7. Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проект за Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за учество на Општина Гевгелија во проект за Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица

Во претресот по точката учествуваа: **Тони Николов вработен во општината,Перо Стојанов,Томе Кичуков ,Ристо Ѓоргиев ,Ристо Камов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за учество на Општина Гевгелија во проект за Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 8. Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проектот за Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија-Смрдлива вода.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за учество на Општина Гевгелија во проектот за Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија-Смрдлива вода

Во претресот по точката учествуваа: **Тони Николов вработен во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за учество на Општина Гевгелија во проектот за Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија-Смрдлива вода и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 9. Предлог-Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваа: **Мирјана Гелебешева вработена во општината,Ристо Камов,Ристо Ѓоргиев,Марија Магдинчева Шопова ,Томе Кичуков,Игор Илков,Андон Сарамандов,Магдалена Делковска,Трајко**

**Арџанлиев,Тихомир Ручкоманов членови на Совет, Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Пртседателот на Совет ги дефинираше дадените предлози од страна на советниците а тоа се:промена на насловот на одлуката и оваа одлука да гласи "Предлог-Одлука за определување на зони за зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија и овој предлог предложен од советникот Кичуков го прифати предлагачот ,во делот на предлозите на советникот Ручкоманов да се дефинира бројот на зони во образложението на одлуката тоа исто така предлагачот го прифати,во членот 5 да се додаде улицата Гоце Делчев со радиус од каде до каде се простира и тоа го прифати предлагачот ,во делот што се однесува на улицата Миле Пецанов радиусот кој го опфаќа објасни предлагачот дека тоа ќе се прецизира во одлуката . Сите овие предлози кои се прифатени од предлагачот ќе бидат составен дел од одлуката.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија и **Советот со 10 гласа за ,2 воздржани и 7 не гласале ја усвои.**

Пртседателот на Совет предложи точките под реден број 10,11 и 12 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 10. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките под реден број 10,11 и 12.

Во претресот по точката учествуваа: **Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија за 2019 година и **Советот со 16 гласа за го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 16 гласа за го усвои.**

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 16 гласа за го усвои.**

Пртседателот на Совет предложи точките под реден број 13,14 и 15 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 13. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките под реден број 13,14 и 15.

Во претресот по точката учествуваа: **Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија,Магдалена Делковска член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија за 2019 година и **Советот со 11 гласа за,4 против,1 воздржан и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 14. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година**.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за,4 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 15. Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за,5 против и 2 не гласале го усвои.**

Пртседателот на Совет предложи точките под реден број 16,17 и 18 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 16. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2019 година.**

Во претресот по точката учествуваа**: Ѓорги Милков директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија, Магдалена Делковска ,Ристо Камов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2019 година и **Советот со 12 гласа за и 4 против го усвои.**

**Точка 17. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 12 гласа за и 4 против го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 12 гласа за и 4 против го усвои.**

Пртседателот на Совет предложи точките под реден број 19,20 и 21 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 19. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2019 година

Во претресот по точките учествуваа: **Марија Бучкова директор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија,Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2019 година и **Советот со 15 гласа за го усвои.**

**Точка 20. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 15 гласа за го усвои.**

**Точка 21. Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 15 гласа за го усвои.**

**Точка 22. Предлог-Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2020 година

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2020 година и **Советот со 15 гласа за го усвои.**

**Точка 23. Предлог-Решение за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 12 гласа за и 3 против го усвои.**

**Точка 24. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2020 година на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2020 година на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија.

Во претресот по точките учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината ,Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2020 година на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија и **Советот со 11 гласа за,3 против и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 25. Предлог-Извештај за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по точката учествуваа:**Михаил Ангелков командир на ПС Гевгелија ,Ристо Камов ,Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 12 гласа за и 3 воздржани го усвои.**

**Сашо Поцков Градоначалник на општината** - "Сакам да ве известам дека директорот на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија денес си поднесе оставка и затоа не беше присутен на седницата.Ја користам приликата да му се заблагодарам за одличната соработка која ја имавме .Оставката ја поднесува од лични причини . "

**Точка 26. Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија

Во претресот по точките учествуваа: **Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница Гевгелија , Д-р Сашко Олумчев епидемиолог,Магдалена Делковска,Томе Кичуков,Ристо Камов,Зоран Лазаровски членови на Совет, Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

**Точка 27. Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Караманова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија и **Советот со 9 гласа "за " и 1 не гласал го усвои и од член се разрешува Александра Кочева.**

**Точка 28. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа:**Тодор Ристов –Претседател на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа "за " и 1 не гласал го усвои и за член се именува Гордана Атанасова**

**Точка 29. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа:**Тодор Ристов–Претседател на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа "за " и 1 не гласал го усвои и за член се именува Андон Курчиев.**

Пртседателот на Совет го стави предлогот на советничката Магдалена Делковска точките од реден број 30 до 37 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 30. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Серменин (КП бр.1555/1 КО Серменин) (барател: Петар Николов од с.Мрзенци)**

Во претресот по точките учествуваа:**Станка Карајанова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Серменин (КП бр.1555/1 КО Серменин) (барател: Петар Николов од с.Мрзенци) и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 31. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (КП бр.862/5 и 837 КО Ново Конско), (барател: Илија Јованов од Гевгелија)**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (КП бр.862/5 и 837 КО Ново Конско), (барател: Илија Јованов од Гевгелија) и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 32. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.609/3 КО Конско), (барател: Ненад Андонов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.609/3 КО Конско), (барател: Ненад Андонов од Гевгелија) и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 33. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална-урбанистичко-планска документација за с.Моин (КП бр.573 КО Моин), (барател: Александар Попов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на локална-урбанистичко-планска документација за с.Моин (КП бр.573 КО Моин), (барател: Александар Попов од Гевгелија),и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 34. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Владо Стојанов од с.Кованец).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Владо Стојанов од с.Кованец) и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 35. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Костадин Стојанов од с.Кованец)**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Кованец (КП бр.1142 КО Кованец), (барател: Костадин Стојанов од с.Кованец),и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 36. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за м.в. Круша (КП бр.18 КО Конско), (барател: Костадин Линков од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за м.в. Круша (КП бр.18 КО Конско), (барател: Костадин Линков од Гевгелија),и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 37. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Локална Урбанистичко планска документација (ЛУПД) за КП бр.862/5 и КП бр.837 КО Ново Конско (барател: Јован Јованов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Локална Урбанистичко планска документација (ЛУПД) за КП бр.862/5 и КП бр.837 КО Ново Конско (барател: Јован Јованов од Гевгелија),и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесет и втората седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**